**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 05.03.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: д-р Методија Јанчески (отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Јанчески е отсутен којшто минатата недела му пратил СМС порака дека во овој период е во странство, не е преку Агенцијата, најверојатно е преку факултет или можеби не, но се наоѓа во странство. За оваа седница најави дека ќе се разгледува една точка која што беше одложена а тоа е Предлог-записник од 10-та седница.

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Предлог-записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.02.2020 година, со текст како што беше предложен.

Бр.02-885/18
25-03 2020 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот
Лазо ПЕТРУШЕВСКИ